СОС ДЕТСКО СЕЛО

Yeep Youth Empowerment Enabling Prospects

SOS KINDERDÖRFER WELTWEIT

german cooperation DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT

# УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ И ДОБРИ ПРАКСИ

*од проектот*

„Зајакнување на младите преку нови можности“





# Вовед

Во периодот септември 2019 година – април 2023 година, СОС ДЕТСКО СЕЛО го имплементираше проектот „Зајакнување на младите преку нови можности“ (YEEP – Youth Empowerment Enabling Prospects), кој имаше за цел да ги зајакне младите лица во социјален ризик и да го олесни нивниот пристап до пазарот на трудот, како прв чекор кон економска независност.

Покрај во С. Македонија, проектот се реализираше и во Србија, Косово, Босна и Херцеговина и Албанија. Повеќе од 1,700 млади лица во социјален ризик од регионот ги зајакнаа нивните знаења и вештини преку посетување на обуки за животни вештини и вработливост, индивидуални сесии на кариерно советување и континуирана менторска поддршка, согласно сертифицирана методологија изготвена од холандска консултантска куќа, прилагодена на локалниот контекст. Како што ќе забележите во поглавјето од оваа брошура во кое детално се претставени постигнатите резултати на проектот, значителен број на млади лица во социјален ризик ја искористија и можноста да стекнат знаења и вештини кои се барани на пазарот на трудот, преку посетување на стручни обуки (професинални курсеви) и практиканска работа. Особено сме горди што повеќе од 900 млади лица од регионот вклучени во проектот пронајдоа работен анганжман по нивното вклучување во проектот, а 40 млади лица започнаа и сопствени мали бизниси со поддршка на проектот. Бидејќи, овие бројки се однесуваат на позитивни промени во животните приказни на младите лица, се обидовме да им обезбедиме простор на младите лица изворно да Ви ги пренесат нивните искуства со вклученоста во проектот и влијанието кое го имал проектот на нивниот личен и професионален развој.

# КЛУЧНИ ПОСТИГНУВАЊА НА ПРОЕКТОТ

Во воведот на оваа брошура на успешни приказни и добри пракси кои произлегуваат од проектот „Зајакнување на младите преку нови можност“, имавте можност да се запознаете со дел од постигнатите резултати на регионално ниво. Во продолжение Ви ги презентираме резултатите и клучните достигнувања на проектот во С. Македонија. Покрај во Скопје каде активностите со младите лица ги имплементираше СОС ДЕТСКО СЕЛО, со учество на нашите локални партнери Институт за развој на заедницата Тетово, Коалиција СЕГА Прилеп и Младинскиот културен центар Битола, зајакнавме млади лица во социјален ризик и од Тетово, Прилеп и Битола.

**341** млади лица ги завршија обуките за животни вештини и вработливост;

**133** млади лица завршија стручно образование/курсеви со финансиска поддршка обезбедена во рамки на проектот;

**112** млади лица вклучени во проектот посетуваа практиканска работа;

**192** млади лица најдоа работен анганжман по вклучување во проектот, од кои 150 млади лица веќе навршија најмалку 6 месеци вработување

**11** млади лица вклучени во проектот отпочнаа мали бизниси со менторска и финансиска поддршка (грант) обезбедени во рамките на проектот.

# ИЗЈАВИ НА МЛАДИ ЛИЦА:

## Роберта

„Методологијата е многу сеопфатна. По учество во обуките за животни вештини и вработливост, сесиите на кариерно советување и менторската поддршка која ја добив сум речиси нова личност. Од невработено лице, сега водам сопствен мал бизнис“

## Весна

„Со учество во проектот ги надоградив моите знаења и вештини, а сретнав и многу нови луѓе со кои и ден денес имам редовна комуникација. Ми се подигна свеста дека можам и многу повеќе да постигнам на кариерен план и знам како да чекорам по тој пат“

## Александар

„Во проектот пристапив за време на Ковид-19 пандемијата, кога поради неможноста да работам во угостителската дејност, сакав корисно да си го исполнам времето со нешто што ќе придонесе кон мојот личен и професионален развој. Целосно сум задоволен, учеството во проектот ме зајакна и ми помогна да најдам работен анганжман“

## ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА УСЛУГИТЕ ДОСТАПНИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ






# МЛАДИ ВО РИЗИК



# ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

Националната конференцијата за официјално отпочнување на проектот се одржа во Скопје, на која претставници на надлежните државни институции, локални власти, граѓански организации, бизнис заедницата и млади во социјален ризик изразија посветеност да работат заеднички кон постигнување на целите на проектот.

Процесот на зајакнување на младите во социјален ризик се засноваше на сеопфатна методологија за животни вештини и вработливост, изработена од холандската консултантска куќа „Афлатоун" а која на глобално ниво ја има откупено и користи меѓународната организација на СОС ДЕТСКО СЕЛО). За потребите на проектот, методологијата беше прилагодена на локалниот контекст и преведена на локалните јазици.

Во насока на градење на капацитетите за спроведување на проектните активности, во Тирана, Република Албанија беше одржана Мастер обука за обучувачи, на која 4 професионалци од С. Македонија се стекнаа со сертификат за Мастер обучувач за методологијата за животни вештини и вработливост. Во 2020 година на национално ниво се одржаа 4 обуки за обучувачи за методологијата за животни вешини и вработливост, преку кои со напредни знаења и вештини за спроведување на активности со млади лица во социјален ризик со користење на сертифицираната методологија се стекнаа 66 професионалци од државни институции и локални граѓански организации кои се вклучени во поддршка на млади во социјален ризик.

Во рамки на проектот беа одржани и активности за градење на капацитетите на локалните граѓански организации, а на три локални партнери (ИРЗ Тетово, Коалиција СЕГА Прилеп и Младински културен центар Битола) им беа доделени и подгрантови за реализација на активностите на локално ниво.



# АКТИВНОСТИ СО МЛАДИ ЛИЦА

Видно и од графичкиот приказ на услугите достапни на младите лица вкучени во проектот, во првата фаза на прием во програмата, член на проектниот тим вршеше првична проценка на потребите на младото лице кое се вклучува во проектот, со цел да се идентификува дали постојат неодложни потреби (на пример вработување, доколку лицето се соочува со сериозни финансиски потешкотии), како и тековни потреби на лицето со цел зајакнување на знаењата и вештините, односно стекнување на компетенции кои се побарувани на пазарот на трудот.

Индивидуалниот развоен план се изработува од страна на кариерниот советник со активна вклученост на младото лице, при што се дефинира кариерен план, како и чекорите кои треба ги мине младото лице кон остварување на неговите кариерни цели.





Методологијата за животни вештини и вработување е составена од три модули (животни вештини, вработување и кариерно советување). Обуките за животни вештини и вработување се спроведуваа во групи, а сесиите на кариерно советување индивидуално, при што дел од сесиите на советување се задолжителни за сите млади лица вклучени во проектот, а дополнителен број на сесии на советување се прилагодени на индивидуалните потреби. Себеспознавање, поставување на цели,, критичко размислување, комуникациски вештини, финансиска дисциплина, разрешување на конфликти, управување со времето, пишување на кратка биографија и подготовки за интервју за работа, права и обврски на работното место, се само дел од темите опфатени со сесиите за зајакнување на животните вештини и вработливоста.



На младите лица вклучени во проектот им беше достапна и психо-социјална поддршка. Првично, осмислена како поддршка на младите за справување со предизвиците и последиците од Ковид-19 пандемијата, оваа активност израсна во значајна поддршка на младите кои се соочуваат со одредени психолошки предизвици (недостаток на самодоверба, анксиозност, комуниациски бариери и сл.)

Пркатиканство и job shadowing (запознавање со работно место) беа активности кои им овозможија на млади лица вклучени во проектот да го стекнат првото искуство на работното место, што е многу важен чекор кон прво вработување. Горди сме што кај дел од практиканствата работодавците одлучија ангажираните млади лица да ги задржат како вработени.

Преку стручно образование и професионални курсеви, повеќе од 100 млади лица вклучени во проектот стекнаа компетенции кои се барани на трудот или им овозможуваат самовработување.

Ограничувањата кои беа воведени заради заштита од ширењето на корона-вирусот нè принудија дел од активностите да ги организираме онлајн. Тогаш започнавме и со организирање на вебинари, а внимателниот избор на теми и говорници привлече голем број на млади да ги посетат овие активности.

Во октомври 2022 година во Скопје се одржа и дводневен Младински форум, во рамките на кој беа одржани панел дискусии на младите со локалните власти и бизнис заедницата, како и работилници на различни теми од интерес за младите (кариерно планирање, design-thinking, здрави животни навики, унапредување на менталното здравје, заштита од врсничко насилство и онлајн вознемирување, компостирање на отпад, претприемништво, промовирање на занаетчиството како професија, работилница за изработка на накит и др.).

Во рамките на проектот беа организирани и обуки за младинско учество и застапување, а во консултативен процес со младите беше изготвен и документ за јавни политики за подобрена социо-економска интеграција на млади во социјален ризик.

Во моментот на изготвување на оваа брошура, се подготвуваме и за завршната конференција, на која ќе биде прикажан и кус документарен филм во кој се застапени млади лица кои беа вклучени во проектот.

# СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНИ ПАРТНЕРИ

Покрај во Скопје каде активностите ги реализираше стручен тим на СОС ДЕТСКО СЕЛО, проектот обезбеди поддршка и на млади во социјален ризик од Тетово, Прилеп и Битола. Во насока на зајакнување на младите од овие општини соработувавме со локалните партнери Институт за развој на заедницата (ИРЗ) Тетово, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп и Младинскиот културен центар Битола. Како резултат на нивната вклученост и посветена работа, успешно беа поддржани повеќе од 180 млади лица во социјален ризик. Програмата за животни вештини и вработливост и индивидуалните сесии на кариерно советување придонесоа кон нивниот личен развој, а преку посетување на професионални курсеви и практиканство млади лица од овие општини стекнаа практични знаења и вештини кои се побарувани на пазарот на трудот.
Младите беа активно вклучени и во изготвување на документот за јавни политики кој има за цел да придонесе кон подобрена социо-економска интеграција на младите во социјален ризик. Документот беше јавно промовиран пред релевантните чинители на локално и национално ниво. Локалните младински иницијативи им овозможија на младите кои беа дел од проектот заеднички да осмислуваат активности на теми од нивен интерес и грижа, а обуките за младинско учество и застапување придонесоа нивните забелешки и предлози соодветно да ги адресираат до локалните власти и бизнис заедницата.



## Зоран Илиески, Извршен директор на Коалиција СЕГА Прилеп

„Повеќе од 70 млади лица во социјален ризик кои живеат на територијата на општина Прилеп беа поддржани со проектот, кои по завршување на програмата со самодоверба пристапија кон пазарот на трудот, а повеќе од половина од нив пронајдоа работен ангажман. Методологијата придонесува кон зајакнување на младите во социјален ризик и очигледно е позитивно влијание на нив, но и на локалната заедница воопшто“

## Александар Тодоровски, Кординатор на проект, Младински културен центар – Битола

“Методологијата содржи бројни алатки за личен развој на секој корисник. Преку програмата помогнавме на 51 младо лице во социјален ризик што овозможи нивно полесно интегрирање на пазарот на труд и остварување на прво вработување. Она што најмногу нè исполнува се видливите промени кај корисниците во однос на зајакнувањето на нивните вештини и компетенции и тоа е мотивација повеќе за продолжување на оваа методологија и програма“

## Сретен Коцески, Директор на Институт за развој на заедницата - Тетово

„Целокупното искуство беше одлично! И покрај пандемијата со која сите се соочивме, вклучивме голем број на млади во активностите, заедно учевме и градевме капацитети. Со имплементирање на проектот, ИРЗ стана препознатлива организација за работа со млади во социјален ризик од Полошкиот регион“

# СОРАБОТКА СО ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Значаен придонес кон резултатите кои ги постигнавме со проектот „Зајакнување на младите преку нови можности“ имаат и државни институции, како и локални граѓански организации кои работат со ранливи категории на лица.

Активностите со млади кои живеат на територијата на Град Скопје се реализираа во просториите на Ресурсниот центар на СОС ДЕТСКО СЕЛО , објект реновиран со финансиска поддршка на Министерството за економска соработка и развој на Сојузна Република Германија, во соработка со општина Гази баба (во 2016 година постоечки објект на детската градинка „25 Мај“, клон „Искра“ беше преуреден во модерен ресурсен центар).

Со Општина Гази Баба имавме успешна соработка и во реализација на програмите за општинско-корисна работа, преку кои со учество во програми на практиканство, млади лица од општината придонесоа кон подобрени социјални услуги на општинско ниво.

Во поддршката и зајакнувањето на млади растени без родители и родителски грижа, особено значајна е и соработката со јавните установи (мали групни домови) „25-ти мај“ и „11-ти октомври“. Неколку млади лица од ЈУ „25-ти мај“ пронајдоа работен ангажман по вклучување во проектот, како прв чекор кон економска независност.

Благодарни сме им и на вработените во Агенцијата за вработување – Центар за вработување на град Скопје, за нивниот проактивен пристап кој значително ни го олесни процесот на идентификување на млади невработени лица од локалните заедници.



# СОРАБОТКА СО БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА

Сензибилизирањето на приватниот сектор и поголема вклученост на бизнис заедницата во обезбедувањето на олеснет пристап на младите во социјален ризик до пазарот на трудот беше една од клучните цели кои си ги поставивме. Горди сме што значаен број на компании активно се вклучија во поддршка на најранливите категории на млади лица, широко ги отворија нивните врати за нивен работен ангажман, а обезбедија и менторска поддршка кон олеснета интеграција во новата работна средина. Дел од компаниите обезбедија и бесплатни курсеви за млади лица вклучени во проектот, а провајдерите на стручни обуки и курсеви не поддржаа со повластени цени за младите кои беа вклучени во проектот.

## Јована Јаневска, Маркетинг специјалист Axapta Masters

„Со задоволство го поддржавме проектот на СОС Детско село, «Зајакнување на млади преку нови можности» со организација на летна обука за програмирање на која младите учесници на курсот имаа можност да се запознаат со основите на програмирањето. Покрај техничките часови, учесниците на обуката се запознаа со членови на нашиот тим и ја почувствуваа работната атмосфера во Axapta Masters. За време на проектот, работевме со млади и талентирани луѓе, кои имаа желба и мотивација да учат и да ги развиваат своите вештини. Се радуваме што им пренесовме дел од нашето знаење и им дадовме можност да се запознаат со основите на програмирањето. Реализацијата на обуката и учеството во проектот  е само дел од нашата успешна соработка со СОС Детско село. Како компанија даваме несебична поддршка на вакви проекти и ќе продолжиме и во иднина да ги поддржуваме младите во нивниот личен и професионален развој

## Игор Гешовски, директор на ЕЛС

„Еко логистик сервис е општествено одговорна компанија, која има учествувано во бројни хуманитарни акции. Нашата вклученост во проектот „Зајакнување на младите преку нови можности" беше во насока на олеснување на пристап до работен ангажман на млади лица кои се соочуваат со одредени животни предизвици. Она што ни се потврди со овој проект е дека младите лица кои поради објективни причини имале помалку можности во животот, се исклучително мотивирани и посветени на работата. Се надевам дека сè поголем број на компании ќе вработуваат млади од ранливите категории, не за да се прикажат како општествено одговорни компании, туку затоа што го препознават потенцијалот на овие млади".

## Ана Таневска Ѓорѓиевска, заменик генерален директор, Македонијатурист

„Како општествено одговорна компанија АД Македонијатурист со задоволство прифати да биде дел од "Зајакнување на младите преку нови можности". Искрено се надеваме дека младите кадри кои се вработија во нашата компанија се задоволни и ќе ја раскажат својата успешна приказна на други млади на кои им е потребна поддршка, а Македонијатурист ја чува вратата отворена за сите  млади кои сакаат да придонесат превенствено за самите себе, а потоа и за нашата компанија и општеството. Ви благодариме што постоите".

## Анета Дуданова, специјалист за човечки ресурси, Нептун

„Нептун е компанија која на младите им нуди можност преку вработување и практиканска работа да стекнат знаења, вештини и искуства од различни области. Особено внимание посветуваме на поддршка на младите од социјално ранливи категории, па со задоволство се приклучивме на проектот. Резултатите во поддршката на млади кои ги постигнавме преку овој проект придонесуваат кон уште поголема вредност на нашето партнерство со СОС Детско село".

# ОБУКИ ЗА ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ И ВРАБОТЛИВОСТ

*Бојан со порака до младите:*

**Наместо да седите дома на телефон, дојдете и научете нешто корисно**

При влегување во проектот Бојан беше невработено лице со завршено средно образование - физиотерапевтски техничар. Како лице пријавено во Агенцијата за вработување беше исконтактиран од тимот на проектот и повикан на првичен разговор за запознавање.

„Во тој момент немав некои поголеми обврски, си реков „зошто да не“ и прифатив. Очекував да се запознаам со други кои што исто така немаат работа, да ги слушнам нивните мислења, да научам нешто ново. Со еден збор – ново искуство“, раскажува 22- годишниот Бојан.



Тоа што му оставило најголем впечаток од обуките е работата во групи и презентациите. Да се слушнат други мислења и заеднички да се дојде до решение за задачата што е дадена. Смета дека сите обуки биле значајни и придонеле да научи нешто ново што би можел да го искористи во иднина. Како пример ја издвои сесијата за подготовка за интервју за работа, на која научил како да се постави на интервју, да биде добро подготвен за да остави подобар впечаток за да се вработи. Промена кај себе забележал и по сесијата со мотивациски говорник, на која што поранешна учесничка во проектот ја споделила својата приказна, предизвиците со кои се соочила во животот и каде стигнала во својот напредок.

„Добив поголема мотивација по разговорот со Марија, мотивација за борба во животот, за вработување и за сè што би било подобро“, нагласува Бојан и испраќа порака до другите млади.

„Ако имаат прилика да се вклучат во проектот да ја прифатат. Наместо да седат дома на телефон или да прават други работи што не се значајни, зошто да не дојдат да искусат нешто ново. Нема да изгубат ништо, можат само да добијат. Ќе се запознаат со нови луѓе и ќе добијат ново искуство“.

**Научивме како да ги зајакнеме слабите страни и како да ги потенцираме силните за да бидеме поконкуренти на пазарот на труд**

Пред да се вклучи во проектот Ана била невработена. За проектот дознала преку пријател кој ѝ пренел добри зборови зашто тој веќе имал успешна соработка. И за среќа, како што вели Ана, очекувањата со кои се приклучила на обуките ѝ се исполниле. Научи како да ги зајакне слабите страни и како да ги потенцира силните страни за да биде поконкурента на пазарот на труд, подобро да се претстави на интервјуата за работа или едноставно подобро претставување на себе пред соговорникот.

„Од обуките пред сè добив поддршка и мотивација да се трудам секојдневно. Покрај ова ги зајакнав моите слаби страни - комуникациските вештини, храброста да давам свои идеи кога сум член на еден тим и пронаоѓам решенија од секој предизвик со кој ќе се соочам. Покрај тоа, голем впечаток ми остави и начинот на изнаоѓање на идеи за најдоброто можно решение при соочување со некој предизвик/конфликт на работното место преку добро осмислените вежби кои беа интересни и на кои времето брзо поминуваше“, објаснува Ана.

По завршување на обуките таа сега е похрабра во секоја смисла, има поголема самоиницијативност и мотивација да се бори за она што го заслужува.



„Најголем впечаток ми остави професионалниот пристап на мојата менторка, со чија помош преку разговори и прашалници спознав на која работна позиција би се пронашла во иднина“.

Сега е вработена. Дел е од успешен тим на млади лица полни со ентузијазам и желба за знаење, во кој дополнително се надградува и на личен и на професионален план.

„Мојата порака до младите кои се соочуваат со слични предизвици: да си поставаат прво цел кон која ќе се движат, а потоа да ги преземат правилните активонсти правејќи ја таа цел остварлива. Секое неформално образование е добредојдено и да ја искористат секоја можност што им се пружа за да научат нешто ново“, порачува Ана.



# КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ И МЕНТОРСКА ПОДДРШКА

Проектот за Фросина беше добар микс за стекнување на нови знаења и вештини

„Добро е кога имаш професионалци да работат заедно со тебе на твојот развој", вели Фросина, која поради Ковид кризата подолг период беше невработена. Се приклучи во проектот поради потребата од вработување и остварување на личен развој.

Проектот беше добар микс нудејќи најразлични активности што ѝ беа потребни. Преку нив стекна нови знаења и вештини, заврши обуки за животни вештини и вработливост, индивидуални сесии за развој, курс за изработка на нокти и се вработи во приватна оптика.

„Сакав да започнам со активности кои ќе ме однесат напред во животот, но не знаев од каде да почнам и се чувствував неисполнето. Преку проектот, за прв пат се анализирав себе си и се осознав себе си подобро. Тоа ми овозможи подобро да ја гледам пошироката слика на нештата, подобро да ги перцепирам работите, полесно да се вклопувам во средини, подобро да се носам со одговорности. На почетокот не знаев на што да се фокусирам во однос на кариера. Имав потреба да го знам правецот на мојот живот", раскажува Фросина.

Покрај желбата за унапредување во областа на оптиката, Фросина е мотивирана и за стекнување на знаења и вештини во козметиката.

„Индивидуалните сесии ми дадоа нова перспектива преку креирање на јасен план за професионален развој. Преку советите за вработување осознав точно што треба да направам. Сега сум вработена како оптичар во приватна оптика, работам успешно и сум задоволна од себе и својот развој. Имам нова енергија и се чувствувам дека напредувам во животот. Во иднина планирам да продолжам со работа како оптичар, но и да отпочнам со самостојна дополнителна работа во областа на козметиката. Стекнав поголема самодоверба и верба дека ќе успеам. Се чувствував многу подобро. Ова е многу важно за да можете да имате успех на пазарот на труд", вели Фросина.



## Лулхан го најде тоа што му одговора, видео игрите ги замени со програмирање

Лулхан е младо момче од 18 години кое треба да отпочне самостојно да живее и да заработува. Се приклучи во проектот зашто немаше визија што да работи. А сега, неколку месеци подоцна, вели дека го нашол тоа што му одговара. Се подготвува да биде програмер.

„Бев посветен на видео игри и непродуктивни работи, времето одминуваше, а немав план што ќе правам понатаму во животот. Преку учеството во проектот се променив во тоа што почнав да гледам посериозно на работите, почнав да ја планирам својата иднина, да размислувам за мојата кариера и максимално да се посветам на мое подобрување за да можам да заработувам за добар живот. Почнав да сакам да учам, да работам на себе и да напредувам“, раскажува Лулхан.

Преку индивидуалните сесии за кариерно советување со неговиот ментор, Лулхан се пронајде во областа на програмирањето. Организираните посети на ИТ компании беа дополнителен голем стимул за него. Сега Лулхан ќе отпочне со Академија за ИТ и многу е возбуден за идната кариера и напредокот како програмер.

„Она што ми беше најзначајно е деталното истражување за кариера, правевме тестови и долги разговори. За да бидеме сигурни во изборот, бев во посета на две ИТ компании во вкупно времетраење од шест недели, каде што работев со ментор и детално се запознав со програмирањето, добивав задачи, предавања и научив многу за програмирањето. Учествував во кратка обука за програмирање. Сфатив дека програмирањето е струка во која ќе уживам да работам. Во иднина планирам да посетам Академија за ИТ. Преку поддршката што ја добивам од проектот, верувам дека ќе успеам во животот. Сега сум позрел, помотивиран и имам појасен правец за тоа што ќе правам во животот. Го најдов тоа што ми одговара“, вели младиот Лулхан.



# ПСИХОСОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА

Ивана запозна луѓе на нејзина возраст кои беа во слична ситуација и сфати дека не е сама

Предизвиците кои ги донесе пандемијата не ја заобиколија Ивана, која поради изолацијата што ја наметна Ковид 19, ја изгуби не само мотивацијата за студирање, туку и самодовербата. Вели дека кон проектот се приклучила од љубопитство, без да има големи очекувања. Но, сега има само пофални зборови.

„Работите некогаш изгледаат многу големи и страшни кога ни се во глава, а кога ќе ги кажеме на некого сфаќаме дека и не е толку страшно. Тој период беше многу лош за мене и освен предизвиците со факултетот и работата, ми се случија и други немили настани. Веќе подолг период сакав да разговарам со психолог, но финансиската ситуација не ми го дозволуваше тоа, па ова беше голем дел од мојата мотивација за вклучување", кажува Ивана.



Групните активности и обуките во проектот ѝ помогнаа да сретне луѓе на нејзина возраст кои беа во слична ситуација и да сфати дека не е сама. Стручната поддршка од психологот влијаеше поинаку да гледа на работите и да стекне попозитивна слика за себе.

„Обично чувам работи во себе и не споделувам, па самото тоа што можев да ги споделам со некого и да ги кажам на глас ми помогна. Ако се самооценувам мислам дека имам многу големо подобрување, а процесот сè уште трае. Иако сè уште немам најдено работа и немам промени во финансиската ситуација, сега имам попозитивен став кон работите, не се чувствувам така безизлезно, имам надеж и план да ги подобрам моите животни околности. На младите кои се чувствуват слично како мене би им препорачала да се обратат кај некоја личност што е пообјективна од нив во однос на работите, а психолог би било добра идеја. Макар и од љубопитност. Нека не бидат пасивни, нека пробуваат нови работи, па макар и да згрешат ќе знаат во иднина што треба да поправат", порачува Ивана.

**Психосоцијалната поддршка му помогна на Бојан да се опушти во комуникацијата со луѓето и да се вработи**



Траумите од детството, семејното насилство што го преживеал како мал го направиле Бојан многу затворен и речиси не комуницирал со луѓето. Проектните активности и психосоцијалната поддршка што ја доби од стручниот тим му помогнаа да се издигне над предизвиците, да се опушти во комуникацијата со другите луѓе и да се вработи.

„Не се чувствував среќен, бев тажен, ми фалеше да кажам некому за тоа што ме мачи. Менторот ми кажа дека можам да зборувам со психолог за тоа и јас прифатив. За брзо време се чувствував подобро. Веќе не се плашам толку од други луѓе, порано имав страв од луѓето поради тоа што сум го доживеал како мал. Не зборував воопшто со непознати, сега зборувам со сите“, вели Бојан.

Разговорите што Бојан ги имаше со стручните лица за него беа целосно ново искуство. За прв пат зборувал со луѓе кои не го осудувале, туку му давале насоки како полесно да ги надмине проблемите.

„Еден период бев многу напнат и кога разговарав со психологот ми олеснуваше. Кога доаѓав редовно се чувствував порасположен. Ми значи тоа што можев да дојдам и да си кажам што ме мачи, што не можам да го кажам на некој друг, другите ме осудуваа. Сега сум посреќен. Вработен сум и ме почитуваат таму каде што работам. Мојата порака до младите кои се соочуваат со слични предивици е - да зборуваат со психолог за сè што ги мачи за да си олеснат“, порачува Бојан.



# СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ

## (стручни обуки и професионални курсеви)

Ангела успеа да ги надогради вештините и да заработува сама за себе

Младата Ангела имаше потреба од советување за тоа како да ги постави сопствените цели, да постигне професионален развој и остварување на приходи за да може да живее подобро заедно со нејзините сестри. Едноставно кажано ѝ требаше пријателска рака, поддршка и стручно оспособување.

„Имав идеи за себе, но не знаев од кај да почнам. Преку проектот добив јасен план и преземајќи ги активностите од планот, јас се надоградував соодветно“, раскажува Ангела.

Таа беше вклучена во процес на високо образование за физиотерапевт. Преку проектот реализираше обуки за животни вештини и вештини за вработливост, индивидуални сесии за развој, курс за изработка на нокти и отпочна самостојно да работи.



„Успеав да ги надоградам вештините и да заработувам сама за себе. Од обуките стекнав солидни знаења кои ги применувам на финалните клиенти како на пример комуникациски вештини кои ми помогнаа подобро да работам со клиентите. Она што ми беше многу значајно од проектот е тоа што ми овозможи курс за изработка на нокти во квалитетен тренинг центар, со кој стекнав соодветни знаења и вештини кои пак ми дадоа храброст и верба во себе да отпочнам со самостојно работење“.

„Сметам дека успешно работам, клиентите се задоволни од мојата работа, тие повторно се враќаат и ги користат моите услуги. Преку моето работење можам да заработувам доволно за мене и мојата фамилија. Планирам да продолжам да учам и да работам во областа, а кога ќе се чувствувам подготвена и да отворам сопствен бизнис - студио за козметика и физиотерапија“, вели Ангела.



Фросина е млада мајка која во периодот на вклучување во проектот поминуваше низ период на себеосознавање, каде би можела ја однесе иднината и во кој правец да го одреди кариерниот пат.

„Сакав да направам промена. Промена на монотонијата која ја чувствував во тој период, подобрување на себеси и надоградување на мојот личен развој", вели Фросина.

Нејзиниот ментор многу набрзо забележал голем напредок кај Фросина. Во периодот во кој работеле заедно на индивидуалните средби и на обуките од програма било видливо дека Фросина чувствува како се пронаоѓа себеси и се насочува кон остварување на своите замислени цели.

„Сакав да ги остварам целите кои си ги замислив и ги договоривме на средбите со менторот, како и да си ја остварам визијата за себе", раскажува Фросина. „Посебно би ја истакнала големата поддршка од менторот, начинот на пристапот од страна на менторот и промената на гледиштата, како и всадување на нови идеи и начини како да се направи промената за себе и да се оствари целта. Преку проектот ми беше овозможено да поминам обука за јога инструктор, област во која сакав да се насочам во иднина. Благодарение на поминатата обука, јас сега имам свое студио за јога и го живеам мојот сон", заклучува младата Фросина.

## Фросина стана јога инструкор и го живее својот сон

„Мојата порака би била секогаш да веруваме дека имаме сила да го оствариме невозможното, да се задржи фокусот на желбите и соништата и да се работи до крај за да си ги оствариме. Со добра поддршка и водство, со искрена релација и доверба и добро поставени цели и планови, навистина сè е возможно. Благодарение на поминатата обука, на менторот, на луѓето кои беа околу мене, јас сега имам свое студио за јога и го живеам мојот сон", со овие зборови младата Фросина се заблагодари на поддршка што ја доби од менторот и целата екипа од проектот.

# ПРАКТИКАНСТВО

Практиканството ѝ помогна на Елена да стане посигурна во себе и да не се плаши од промени



Практиканската работа што ја искуси Елена преку проектот ѝ помогна да стане посамоуверена, да бара сè подобро и подобро и да не се плаши од промените. Пред да се приклучи на проектот Елена за себе кажува дека имала проблем со комуникацијата, била нерасположена затоа што не гледала перспектива пред себе.

„Претходно работев во казино и сакав да ја сменам таа работа, да го завршам факултетот и да најдам нешто што ќе одговара на моето образование. Доста време ми требаше да се одлучам да ја сменам таа средина, бев како влезена во „бубањ“ и тешко ми беше да излезам. Сакав да ја сменам работата, но со кое искуство? Тоа ме тиштеше. Сепак, се одлучив на тој чекор и почнав да барам друга работа. Во тој период ми се јавија од СОС Детско село и ми кажаа дека има проект и одлучив да прифатам да учествувам во него. Таму запознав нови луѓе и имав интересни активности за „вежбање мозок“. Вработените го видоа мојот потенцијал и ме земаа да им бидам практикант за да научам нешто ново“, се присетува Елена на првите контакти со тимот од проектот.

Практикантската позиција за Елена беше асистент за администрација. За неа тоа значеше прво работно искуство од овој тип, во убава атмосфера и добра соработка со сите вработени. Научи копирање, скенирање, средување документи, службена комуникација преку е-маил – нешто што го користи и сега во работата.

Своето CV го збогати и со курс за деловен асистент. Првата работа што ја најде после тоа беше хонорарна, на проект кој траеше неколку месеци. Но не застана тука, работеше и како агент во контакт центар, а потоа доби можност да смени работа за подобри услови. Сега работи на инфо пулт во трговски центар, каде што има разновидни работни задачи.

„Научив да барам подобро за себе и да не се плашам од нови искуства, затоа што секогаш може подобро“.

Нејзината порака до другите млади кои се соочуваат со слични предизвици: „Да ги прифатат сите предизвици и сите проекти и обуки, запознаваш луѓе, контакти, комуникација, задачи во кои треба да го употребиш мозокот и на тој начин можеш да напредуваш“, порачува Елена.

Најважно од сè добиваш взаемна поддрша од групата и менторите кои те водат низ проектот, вели Ева која паралелно со студиите волонтира во СОС Детско село



„Би им дала совет на сите оние кои имаат потреба од поддршка и имаат многу прашања, како сите ние кои учествувавме во проектот, да не чекаат, да се охрабрат да се приклучат на истиот, бидејќи ги очекува едно прекрасно искуство на кое ќе му бидат благодарни"- оваа порака Ева ја испраќа до сите млади кои имаат потреба од стручна поддршка и не знаат каде да се обратат за помош. Истовремено таа се заблагодари на целиот тим од проектот за поддршката која ја доби во моментите кога ѝ беше најпотребна.

Паралелно со обуките кои ги помина за комуникациски вештини, таа ги завршува студиите на Специјалната едукација и рехабилитација во склоп на Филозофскиот факултет во Скопје. Истовремено се вклучи и како волонтер и работи со децата во СОС Детско село.

„Се надополнив себе си како личност и пружив помош на лица на кои вистински им беше потребна. Многу сум посреќна откога започнав со практиканството каде што се пронајдов себе си и успеав да помогнам. Сега се чувствувам многу поподготвено за сите предизвици кои ќе ми ги донесе животот", вели младата девојка.

„Со вклучувањето на проектот добив огромно знаење, што е многу важно. Учествував во речиси сите активности и обуки кои ги поминав заедно со мојата група, се запознав себе си многу подобро, но и луѓето од групата и нивните потреби. И најважно од сè во целата работа е што добиваш взаемна поддрша од групата и менторите кои те водат низ проектот", вели Ева.



# ВРАБОТУВАЊЕ

Се ценам повеќе затоа што напредувам, вели Елмедине која преку проектот доби вработување

Животот на Елмедине целосно се промени откако беше вклучена во проектот, каде доби поддршка кон олеснет пристап до пазарот на труд. Како млада мајка на две деца, невработена, со ниска самодоверба, без можност самостојно да живее, за само за една година таа успеа да стане независна, да се вработи и да го гледа животот со други очи-како вработена, самостојна жена која гради кариера.

Преку проектот таа доби обуки за животни вештини и вештини за вработливост, коучинг сесии за професионална ориентација, кариерно советување, различни индивидуални сесии за развој на вештини, заврши курс за изработка на нокти, и преку вмрежувањето се вработи во компанија каде што сервисира фискални каси.





Пред да учествувам во проектот бев многу емоционално и психички падната, но обуките и коучинг сесиите многу ми помогнаа да се кренам", вели Елмедине. „Покрај големата помош за да бидам психички подобра, со поголема самодоверба и да научам нови знаења и вештини, преку проектот запознав многу луѓе и ја добив најголемата поддршка – вработувањето. Тоа е пресудно затоа што ми овозможи да живеам понормално. Одењето на работа и контактирањето со луѓе ми дадоа нова енергија во животот. Без работа се чувствував без живот и енергија, но по вработувањето ми делуваше како лек за да продолжам со мојот живот. Како резултат на учеството во проектот добив волја за живот. Се ценам повеќе затоа што напредувам, задоволна сум", раскажува Елмедине.

Проектот ѝ помогна на Симона да ги прошири знаењата, да запознае прекрасни луѓе и да се вработи



Симона е млада девојка, дипломиран правник која во проектот се приклучи како невработено лице. Уште на првите средби кај неа се забележа големата желба за личен и професионален напредок. Ентузијаст по природа, таа секогаш беше расположена за стекнување нови знаења, зајакнување на своите капацитети, како и остварување на нејзината крајна цел - вработување. На средбите таа секогаш беше посветена и изјавуваше дека сите чекори кои ги поминува со стручниот тим ѝ се многу важни за најзиниот иден кариерен пат.

„За проектот видов на Фејсбук и ме привлече бидејќи чувствував потреба да ги надградам вештините за наоѓање на соодветна работна позиција. Проектот ми овозможи да ги проширам моите знаења и да се запознаам со моите силни страни и слабости. Запознав прекрасни луѓе и имавме богата интеракција на секоја средба. Индивидуалните сесии со менторот беа многу важни и тие ми беа поддршка во секој чекор. По завршувањето на обуките се фокусиравме со менторот на пронаоѓање работа. За брзо време се вработив во Центарот за едукација Концепт и сè уште активно работам“, раскажува Симона.

После сите обуки и разговори кои Симона ги имаше со стручниот тим од проектот таа сега е посигурна во себе и во сопствените квалитети и предности. Целосно е посветена на работите кон кои цели. Вели дека сфатила оти учењето, надградувањето и развивањето никогаш не завршуваат и ќе ја пратат низ целиот живот.

„Мислам дека е многу важно кај младите да се поттикне свесноста за нивната вредност и можностите и опциите кои им се достапни, исто како и добивањето соодветна поддршка за нивен напредок. Сметам дека овој проект им донесе на сите позитивни искуства и топло го препорачувам на секој кој е отворен за нови почетоци“, порачува младата Симона.

# САМОВРАБОТУВАЊЕ

## Марија и нејзината сестра започнаа сопствен бизнис



Марија заедно со нејзината сестра Благица се обратија за поддршка кај проектниот тим за самовработување. Тие имаа идеја за отворање на сопствен бизнис, но не беа сигурни дали можат да работат профитабилно и дали бизнисот ќе им успее. Им беше потребно некој да ги води низ целиот процес, од дефинирање на бизнис идејата, до нејзина реализација.

„Освен финансиската поддршка која е многу важна за отпочнување на бизнис, многу ми беше важно водењето од тимот низ целиот процес. Немав искуство за отворање на бизнис и многу ми беше потребна поддршка од стручно лице, која ја добив од мојот ментор“, вели Марија.

Преку проектот Марија имаше индивидуални средби кои ѝ помогнаа во истражувањето на бизнис идејата и зголемувањето на знаењета и вештините од секој аспект на менаџмент на мал бизнис. Учествуваше и на обуки за меки вештини, курс за дигитален маркетинг и обуки за менаџмент на мал бизнис и претприемништво.

Како резултат на тоа Марија изработи бизнис план кој го презентираше пред Комисија и доби финансиска поддршка 4 000 евра за набавка на опрема и материјали за бизнисот.

„Особено сум задоволна од тоа што проектот има голем број на активности за поддршка. Не нѐ остава сами. Секој дел е многу важен за да успеете во бизнисот. Покрај финансии, потребен ви е јасен план, знаење за менаџмент на бизнис, маркетинг, поставување на стратегија и слично, потоа потребно ви е знаења за работа со клиенти, анализа за успешното работење како би спровеле промени. Овие и многу други работи ми се овозможија да ги стекнам преку поддршката од проектот. Сѐ уште комуницирам со проектот и ми помагаат и ми се поддршка за да напредувам со бизнисот. Преку учеството добив нова енергија, храброст и верба во себе дека ќе успеам со бизнисот. Тоа и се случи. Моментално бележиме успешна работа. Задоволни сме од нашата работа и сакаме да напредуваме. Нѐ прифатија на пазарот и функционираме добро“, вели Марија.



Моето секојдневие многу се промени на подобро. Секој ден го почнувам со задоволство, инспирирана и спремна да се соочам со сите предизвици, бидејќи друго е кога се бориш за нешто свое да успее, тогаш ја имаш целата мотивација и волја на светот – вели Елена, која отвори мал бизнис со поддршка на проектот

Младата Елена ја посетуваше програмата за животни вештини и вработливост во Прилеп, каде активностите ги имплементираше Коалиција СЕГА Прилеп. Во проектот се вклучила за да ги подобри нејзините знаења и вештини и за да стане финансиски независна.

„Покрај новите знаења и вештини кои ги стекнав, во рамките на проектот добив и морална, но и материјална поддршка. Првично самата идеја за вклученост во таков проект многу ми се допадна, а исто така и целата организација, обуките и презентациите на бизнис планот што ме насочи кон мојот успех и ми даде шанса да го практикувам моето знаење како физиотерапевт “.



За неа најзначајна била поддршката која ја добила за отпочнување на сопствен мал бизнис (преку учество во обуки за претприемништво, обезбедена менторска поддршка и доделениот грант за отпочнување на мал бизнис).

„Моето искуство е позитивно, целиот процес беше добро осмислен. Сите кои беа задолжени да нѐ подготват за она што би нѐ очекувало како претприемачи максимално се потрудија сѐ да ни биде јасно за полесно да се справиме со предизвиците кои ни следат и беа достапни во секој момент за сѐ што ни треба“

Како се чувствува Елена, речиси една година откако го отвори салонот за убавина и масажа?

„Моето секојдневие многу се промени на подобро. Секој ден го почнувам со задоволство, инспирирана и спремна да се соочам со сите предизвици“

Нејзината порака до младите е „животот е прекраток за да работиш работа која не ја сакаш. Искористи ја секоја можност да бидеш најдобрата верзија од себе. И, не се разочарувај, за сѐ е потребно време“.

# МЛАДИНСКА ИНИЦИЈАТИВА

Младинската иницијатива ги охрабрува младите да прават корисни работи за општеството - вели Марија

Марија се приклучи на проектот зашто имаше потреба од нови знаења и вештини, но можеби уште поважно, ѝ беше потребна помош за да избере на кој факултет ќе студира. Присуствуваше на обуки за животни вештини и вработливост, коучинг сесии за професионална ориентација, кариерно советување, советување за избор на високо образование и други индивидуални средби преку кои се подобри личниот и професионалниот развој. Преку советувањата одлучено беше да се запише на Правниот факултет.

„Проектот навистина ми помогна во мојот развој. Многу е важно да имате професионалци кои ќе ви помогнат при изборот на кариера. Од обуките, стекнав нови знаења и вештини кои и при работењето, студирањето и тековниот живот ги применувам и чувствувам дека имам бенефит од нив", вели младата девојка.

Во рамки на проектот Марија беше и на обука за лобирање, застапништво и младинско учество во локални промени. Тоа ја мотивираше да отпочне со младински активизам.



„Запознав нови луѓе. Активно бев вклучена во организација на Младински форум каде што учествував во процесот на смислување на теми и активности кои ќе се одржуваат на форумот. Ова ме подобри во работењето со млади и креирањето на активности за млади. Младинската иницијатива овозможува да се развијат нови животни вештини, да се постигне професионален развој, да имаат дружби младите и да прават корисни работи за општеството", објаснува Марија.



Марија сега е вработена како административен работник. Фокусирана е на дипломирањето, зашто е последна година од студирањето. Има идеја да продолжи со магистерски студии и паралелно со тоа да работи.

„Сакам во иднина да се занимавам со различни проекти во насока на поддршка на млади и правење на општествени промени, како и правна работа. Поради сетоа ова е потребно да постојат вакви проекти кои ќе им даваат поддршка на младите да напредуваат во областите од интерес", вели Марија.

## Научив дека треба да си дозволам поголеми "соништа", вели Митана, по учеството во Младинската иницијатива



Групните сесии за психолошка поддршка, индивидуалната работа со ментор, како и обуките за животни вештини и помогнале на Митана да осознае за нејзината внатрешна сила за која мислела дека е многу помала. Научила многу нови работи, првенствено за себе, за нејзините стравови и како истите да ги надмине. Од некогашен волонтер сега е вработено лице кое активно се залага и работи на поддршка и заштита на жртвите од семејно и родово-базирано насилство. Работи и на други проекти во сферата на социјалната заштита и младите.

„Сфатив дека за некои работи сум имала погрешна слика и претстава, што доведува до тоа многу проблеми да ги замислувам поголеми од она што навистина се. Водењето на младинската иницијатива ми помогна да разберам дека треба да си дозволам поголеми "соништа", бидејќи во целиот тој процес и со сета одговорност која истиот ја носеше се чувствувам многу исполнето, особено што знаев дека сè што правиме е од огромно значење за поголема група на луѓе", раскажува Митана.

Летаргичноста и монотонијата што ги чувствувала во секојдневието Митана сега ги замени со мадинскиот активизам. Повеќе не се плаши да прифаќа поголеми предизвици.

„Овој процес ми помогна да разберам дека најголема поддршка сме си самите на себе си и секогаш првенствено треба да се потпираме и да си веруваме самите на себе, а не да ја избегнуваме одговорноста и да бараме решение некаде далеку, иако најчесто клучот е во нас. Имам огромен мотив да растам и да напредувам како на личен, така и на професионален план и ќе продолжам цврсто да чекорам низ животот и да бидам подобра верзија од себе со секој изминат ден", вели Митана.

На младите им порачува да се трудат да бидат поактивни во општествениот живот, бидејќи промените треба да започнуваат од нив. Да не се плашат да ги искажуваат своите ставови и мислења за секое прашање кое ги засега. И да не заборават да ги следат своите соништа, упорно и неуморно да работат и да не се откажуваат на првата пречка на патот кон успехот што им припаѓа.



СОС ДЕТСКО СЕЛО

Младински Културен Центар - Битола

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

CDI

## СОС Детско село Македонија


**Национална Канцеларија**

Ул. Ристо Шишков број 31,
1000 Скопје
Телефон: +389(0)2 3290 556

**Ресурсен центар на СОС Детско село Македонија**

Ул. Палмиро Тољати, бб, 1000 Скопје
Телефон: + 389 71 370 150

www.sos.org.mk


Scan me

поддржи ја нашата работа